// Службен гласник
на Општина Струмица

| Број 3 | Среда , 16 февруари 2007 год. |
| --- | --- |

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**


| | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **12** | **Програма** за работа на Советот на општина Струмица за 2007 година ….…. | 1 |
| **13** | **Одлука** за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште за спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот ”Изградба на 35 спортски Сали”……………………..……... | 11 |
| **14** | **Одлуката** за обезбедување приклучок на вода, струја и изградба на пристап до спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот ”Изградба на 35 спортски сали” ............. | 11 |
| **15** | **Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за IV квартал од 2006 година ……………………………..….. | 12 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2007 година

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2007 година , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.02.2007 година.

Бр. 08- 636/2 Градоначалник
15.02.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

Врз основа на член 20 став 1 точка 3 од Статутот на општина Струмица - пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” бр.5/06) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.02.2007 година, донесе

## П р о г р а м а
## за работа на Советот на општина Струмица за 2007 година

### I. Вовед

Програмата се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на РМ, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на

локалната самуправа како и Статутот на Општината и Деловникот на Советот.

Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот, обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

Трансферот на надлежностите од централно на локално ниво е во втората фаза на реализација па затоа Програмата во текот на 2007 година, ќе биде отворена за прифаќање на се она што е од интерес на граѓаните во насока на подобрување на состојбите во областите за кои Советот на општина Струмица може да даде свој придонес.

## II. Посебен дел

**Јануари – јули – 2007 год.**

1. **Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица за 2007 година;**
   - Изработува:Одделение за буџет и сметководство
   - Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   - Усвојува: Совет на општина Струмица
2. **Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2007 година;**
   - Изработува:Одделение за буџет и сметководство
   - Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештај за реализација на Локалниот акционен план за животна средина за Општина Струмица (ЛЕАП) за 2006 година;**
   - Изработува:Одделение за заштита на животната средина
   - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   - Усвојува:Совет на општина Струмица

4. **Извештај за работата на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2006 година**
   - Изработува:ТППЕ - Струмица
   - Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

5. **Програма за работата на Територијалната професионална противпожарна единица – Струмица за 2007 година;**
   - Изработува:ТППЕ - Струмица
   - Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

6. **Извештај за работата на ЈПКД “Комуналец” за 2006 година;**
   - Изработува: ЈПКД “ Комуналец” Струмица
   - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

7. **Финансов извештај за работата на ЈПКД “Комуналец” со Завршна сметка за 2006 година;**
   - Изработува: ЈПКД “ Комуналец” Струмица
   - Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

8. **Информација за реализација на МЕАП-Програмата за 2006 година**;
   - Изработува: ЈПКД “ Комуналец” Струмица
   - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Годишни завршни сметки на Средните општински училишта за 2006 година и тоа:**

   - **Средно општинско училиште ”Јане Сандански” Струмица**
   - **Средно општинско училиште ”Димитар Влахов” Струмица,**
   - **Средно општинско училиште ”Никола Карев” Струмица.**

   - Изработуваат: Училиштата
   - Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

**10. Годишни завршни сметки на Основните општински училишта и предучилишни установи за 2006 година и тоа:**

- **ОУ “Никола Вапцаров” Струмица;**
- **ОУ “Сандо Масев” Струмица;**
- **ОУ “Видое Подгорец” Струмица;**
- **ОУ “Маршал Тито” Струмица;**
- **ОУ “Даме Груев” Куклиш;**
- **ОУ “Маршал Тито” Муртино;**
- **ОУ “Гоце Делчев” Вељуса;**
- **ОУ “Св. Кирил и Методиј” Дабиле;**
- **ОУ “Герас Цунев” Просениково;**
- **Основното музичко училиште “Боро Џони” Струмица;**
- **ЈОУДГ “Детска радост”Струмица**
- Изработуваат: Училиштата и ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица
- Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**11. Годишна завршна сметка на Дом за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2006 година;**

- Изработува: Дом за деца и млади “Благој Мучето”
- Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**12. Информација за активностите на Локална установа библиотека “Благој Јанков-Мучето” – Струмица во 2006 год**

- Изработува: ЛУБ “Благој Јанков Мучето”
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**13. Годишна завршна сметка на ЛУБ “Благој Јанков - Мучето” Струмица, за 2006 година;**

- Изработува: ЛУБ “Благој Јанков Мучето”
- Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**14. Информација за епидемиолошката состојба, односно состојбите со заразните заболувања во Општината;**

- Изработува: Завод за здравствена заштита - Струмица
- Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**15. Програма за дезинсекција, дезинфекција и дератизација за 2007 година**

- Изработува: Завод за здравствена заштита - Струмица
- Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**16. Извештај за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2006/2007 година во зимски услови;**

- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**17. Информација за состојбите во културата и планирани активности од областа на културата во 2007 година;**

- Изработува: Одделение за јавни дејности
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**18. Информација за работата на културно - уметничките друштва и здруженијата на граѓани од областа на културата и уметноста**

- Изработува: Одделение за јавни дејности
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**19. Извештај за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште за 2006 година;**

- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

20. **Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2006 година**
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

21. **Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување во 2006 година**
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

22. **Извештај за реализација на Програма за урбанистички планови во Општина Струмица за 2006 година**
    - Изработува: Одделение за урбанизам
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Донесување акти од областа на заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра од природни непогоди и други кризни состојби;**
    - Изработува: Одделение за јавни дејности
    - Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Донесување акти од областа на сообраќајот што се во надлежност на локалната самоуправа**;
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

25. **Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Струмица за 2006 година**
    - Изработува: СВР Струмица
    - Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

26. **Извештај за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Струмица за 2006 година;**
    - Изработува: СВР Струмица
    - Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

27. **Извештај за работата на Одделението за инспексциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите урбанизмот и заштита на животната средина за 2006 година**;
    - Изработува: Инспекторат – Одделение за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштитата на животната средина
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

28. **Информација за состојбите со дивоградбите во Општина Струмица**;
    - Изработува: Инспекторат – Одделение за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштитата на животната средина
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

29. **Извештај за работата на Одделението за инспексциски работи од областа на образованието за 2006 година**;
- Изработува: Инспекторат – Одделение за инспекциски работи во образованието, финансиите и други инспекции во надлежност на општината;
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт

Усвојува: Совет на општина Струмица

30. **Извештај за реализацијата на Струмички карневал-2007**
- Изработува:Организационниот одбор на Струмичкиот карневал;
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт; и
- Комисија за општествени дејности;
- Усвојува : Совет на општина Струмица

31. **Информација за состојбите со водоснабдувањето на населението со вода за пиење;**
- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

32. **Информација за дивите депонии во Општина Струмица**
- Изработува: Инспекторат – Одделение за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштитата на животната средина
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

33. **Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација на подрачјето на Општина Струмица**
- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата; и
- Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
- Усвојува: Совет на општина Струмица

34. **Извештај за работата на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за 2006 година**
- Изработува: Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси)
- Разгледува: Комисија за финасии, буџет и локален економски развој;
- Усвојува: Совет на општина Струмица

35. **Информација за семејното насилство, малолетничката деликвенција, самохраните родители и корисниците на социјална помош во Општина Струмица**
- Изработува: Меѓуопштински центар за социјални работи - Струмица
- Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

36. **Информација за реализацијата на примарната здравствена заштита на населението на подрачјето на Општина Струмица**
- Изработува: Здравствен дом – Струмица
- Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

37. **Информација за организираниот превоз на учениците на подрачјето на Општина Струмица**
- Изработува: Одделение за образование
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Струмица

38. **Информација за состојбите со шумските површини и опасностите од шумски пожари и пожари на отворен простор**
- Изработува: ТПППЕ - Струмица
- Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**39. Информација за состојбите со загаденоста на животната средина и мерките што се преземаат за унапредување на животната средина на подрачјето на Општина Струмица;**
- Изработува:Одделение за заштита на животната средина
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
  - Усвојува: Совет на општина Струмица

**40. Донесување правила за работа на облиците на месна самоуправа и утврдување на правниот статус на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Струмица;**
- Изработува: Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа
- Разгледува: Комисија статут и прописи
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**41. Информација за состојбите на објектите со кои располагаат урбаните и месните заедници во Општина Струмица;**

- Изработува: Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа
- Разгледува: Комисија статут и прописи; и Комисија за општествени дејности
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**42. Информација за состојбата со гробиштата во населените места на Општина Струмица;**
- Изработува: Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**43. Информација за состојбата со полските клозети во град Струмица**

- Изработува: Инспекторат – Одделение за инспекциски работи во патниот сообраќај, локалните патишта и улици, комуналиите, урбанизмот и заштитата на животната средина
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**44. Предлог-Правилник за доделување на годишни општински награди и признанија**
- Изработува: Одделение за јавни дејности
- Разгледува: Комисија за статут и прописи; и Комисија за општествени дејности
  - Усвојува: Совет на општина Струмица

**45. Известување на Градоначалникот на општината за извршување на неговите надлежности во согласност со Статутот;**
- Изработува: Градоначалник на општина Струмица
- Разгледува: Комисија статут и прописи
- Усвојува: Совет на општина Струмица

## Септември – Декември 2007 г.

**1. Извештаи за работа на средните училишта во Општина Струмица во учебната 2006/2007 година и тоа:**

- **СОУ ”Јане Сандански” Струмица**
- **СОУ “Димитар Влахов” Струмица,**
- **СОУ ”Никола Карев” Струмица.**

  - Изработуваат: Училиштата
  - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
  - Усвојува: Совет на општина Струмица

**2. Извештаи за работа на основните училишта во Општина Струмица во учебната 2006/2007 година и тоа:**

- **ОУ “Никола Вапцаров” Струмица;**
- **ОУ “Сандо Масев” Струмица**
- **ОУ “Видое Подгорец” Струмица,**
- **ОУ “Маршал Тито” Струмица,**
- **ОУ “Даме Груев” Куклиш,**
- **ОУ “Маршал Тито” Муртино,**
- **ОУ “Гоце Делчев” Вељуса**
- **ОУ “Св. Кирил и Методиј” Дабиња,**
- **ОУ “Герас Цунев” Просениково**

  - Изработуваат: Училиштата
  - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
  - Усвојува: Совет на општина Струмица

3. **Извештај за работа на Основното музичко училиште “Боро Џони” Струмица во учебната 2006/2007 година;**
   - Изработува: ОМУ “Боро Џони” Струмица
   - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
   - Усвојува: Совет на општина Струмица
4. **Извештај за работа на ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица во учебната 2006/2007 година;**
   - Изработува: ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица
   - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
   - Усвојува: Совет на општина Струмица
5. **Предлог-Годишни програми за работа на општинските средни училишта во Општина Струмица во учебната 2007/2008 година и тоа:**

- **СОУ ”Јане Сандански” Струмица;**
- **СОУ ”Димитар Влахов” Струмица;**
- **СОУ ”Никола Карев” Струмица;**
   - Изработуваат: Училиштата
   - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

6. **Предлог-Годишни програми за работа на општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2007/2008 година и тоа:**

- **ОУ “Никола Вапцаров” Струмица;**
- **ОУ “Сандо Масев” Струмица**
- **ОУ “Видое Подгорец” Струмица,**
- **ОУ “Маршал Тито” Струмица,**
- **ОУ “Даме Груев” Куклиш,**
- **ОУ “Маршал Тито” Муртино,**
- **ОУ “Гоце Делчев” Вељуса**
- **ОУ “Св. Кирил и Методиј” Дабила,**
- **ОУ “Герас Цунев” Просениково**
   - Изработуваат: Училиштата
   - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
   - Усвојува : Совет на општина Струмица

7. **Предлог-Годишна програма за работа на Основно музичко училиште “Боро Џони” Струмица за учебната 2007/2008 година;**
   - Изработува: ОМУ “Боро Џони” Струмица
   - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

8. **Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУДГ “Детска Радост” - Струмица за учебната 2007/2008 година;**
   - Изработува: ЈОУДГ “Детска радост” – Струмица
   - Разгледува: Комисија за култура образование и спорт
   - Усвојува: Совет на општина Струмица

9. **Информација за состојбите со зградите во основните училишта во општина Струмица;**
   - Изработува: Одделение за образование
   - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
   - Усвојува : Совет на општина Струмица

10. **Информација за спроведување на активностите од областа на здравственото воспитување на подрачјето на Општина Струмица;**
   - Изработува: Завод за здравствена заштита - Струмица
   - Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
   - Усвојува : Совет на општина Струмица

11. **Информација за здравствената состојба и здравствената заштита на населението на Општина Струмица, со укажување на здравствените приоритети;**
   - Изработува: Завод за здравствена заштита - Струмица
   - Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
   - Усвојува : Совет на општина Струмица

12. **Информација за состојбите со употребата и ширењето на психотропни супстанци, злоупотреба на droги, сида и аклохолизам во Општина Струмица;**
   - Изработува: СВР Струмица и НО “Избор” Струмица
   - Разгледува: Комисија за здравствена заштита, социјална заштита и заштита на децата
   - Усвојува : Совет на општина Струмица

13. **Информација за одржувањето и функционирањето на спомен обележјата, спомен куќите и други објекти од културно-историското минато на Општина Струмица;**

- Изработува: Одделение за јавни дејности
- Разгледува: Комисија за општествени дејности
- Усвојува: Совет на општина Струмица

14. **Информација за состојбата со собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст смет во населените места од Општина Струмица;**

- Изработува: Одделение за услуги на граѓаните и месна самоуправа
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

15. **Информација за реализацијата на Двогодишниот план за развој на стопанството во Општина Струмица;**

- Изработува: Одделение за локален економски развој
- Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- Усвојува: Совет на општина Струмица

16. **Информација за состојбата со малолетничката деликвенција во Општина Струмица;**
- Изработува: СВР Струмица
- Разгледува: Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
- Усвојува : Совет на општина Струмица

17. **Информација за состојбата и стопанисувањето со објектите за спорт во Општината;**
- Изработува: Одделение за јавни дејности
- Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
- Усвојува : Совет на општина Струмица

18. **Информација за состојбата со авто-такси превозот на територијата на општина Струмица;**
- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

19. **Информација за состојбата со градскиот и приградскиот превоз во Општина Струмица;**
- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

20. **Информација за изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање**;
- Изработува: Одделение за комунални работи
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

21. **Информација за одржувањето и користењето на речните корита и канали во урбанизираните делови на Општина Струмица;**
- Изработува: ЈПКД "Комуналец" Струмица
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува : Совет на општина Струмица

22. **Информација за состојбата со каналската мрежа за одводнување во општина Струмица;**
- Изработува: ПЕ на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Струмица
- Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

23. **Информација за најчестите проблеми на потрошувачите, степенот на нивата заштита и проблеми околу остварувањето на потрошувачките права**;
    - Изработува: Совет за заштита на потрошувачите
    - Разгледува: Совет за заштита на потрошувачите
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

24. **Локален акционен план за еднакви можности на жените и мажите согласно Законот;**
    - Изработува: Комисија за полова рамноправност
    - Разгледува: Комисија за полова рамноправност
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

25. **Програма за работа на ЈПКД “Комуналец” за 2008 год;**
    - Изработува: ЈПКД “ Комуналец” Струмица
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

26. **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2007 година**;
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

27. **Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Струмица за 2008 година;**
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

28. **Програма за одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2007/2008 година во зимски услови;**
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

29. **Програма за Јавното осветлување на општина Струмица за 2008 година;**
    - Изработува: Одделение за комунални работи
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

30. **Програма за донесување на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица во 2008 година**;
    - Изработува: Одделение за урбанизам
    - Разгледува: Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

31. **Програма – календар за одбележување на празници и манифестации во 2008 година;**
    - Изработува: Одделение за јавни дејности
    - Разгледува: Комисија за општествени дејности
    - Усвојува : Совет на општина Струмица

32. **Програма за реализацијата на Струмички карневал – 2008 год.**
    - Изработува: Организационен одбор на Струмичкиот карневал
    - Разгледува: Комисија за култура, образование и спорт
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

33. **Предлог-Буџет на општина Струмица за 2008 година;**
    - Изработува:Одделение за буџет и сметководство
    - Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
    - Усвојува: Совет на општина Струмица

**34. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Струмица за 2008 година;**

- Изработува:Одделение за буџет и сметководство
- Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- Усвојува: Совет на општина Струмица

**35. Известување на Градоначалникот на општината за извршување на неговите надлежности во согласност со Статутот на општина Струмица;**

- Изработува: Градоначалник на општина Струмица
- Разгледува: Комисија статут и прописи
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**36. Квартални извештаи за извршувањето на Буџетот на општина Струмица во 2007 година;**

- Изработува:Одделение за буџет и сметководство
- Разгледува: Комисија за финансии, буџет и локален економски развој
- Усвојува : Совет на општина Струмица

**37. Програма за работа на Советот на општина Струмица за 2008 година;**

- Изработува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
- Разгледува: Комисија за изработка на Предлог-Програмата
- Усвојува: Совет на општина Струмица

## II. Нормативен дел

Овој дел од Програмата за работа на Советот на општина Струмица во 2007 година ја регулира нормативната дејност на Советот односно донесување на програми, одлуки, решенија и заклучоци од надлежност на Советот, како и акти за усогласување со постојните прописи и прописите што ќе бидат донесени во текот на 2007 година од страна на државните органи.

Материјалите утврдени со Програмата и другите акти по кои Советот ќе се произнесува во текот на 2007 година претходно ќе ги разгледуваат комисиите при Советот на општина Струмица, согласно надлежностите утврдени со Статутот на општина Струмица.

## III. Завршен дел

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници кои треба да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2007 година, Советот на општина Струмица ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи и од законските и финансиските предуслови, односно од побрзата децентрализација и што поголема финансиска самостојност на Општина Струмица.

Програмата за работа на Советот на општина Струмица за 2007 година, ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-636/1 Совет на општина Струмица
15.02.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште за спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот "Изградба на 35 спортски сали"

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште за спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот "Изградба на 35 спортски сали",

донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.02.2007 година.

Бр. 08- 634/2 Градоначалник
15.02.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.02.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за ослободување од плаќање на надомест за уредување на градежното земјиште за спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот "Изградба на 35 спортски сали"**

Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежното земјиште Владата на Република Македонија, за спортските сали што ќе ги гради во Општина Струмица, со Проектот " Изградба на 35 спортски сали ".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица" .

Бр. 07-634/1 Совет на општина Струмица
15.02.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за обезбедување приклучок на вода, струја и изградба на пристап до спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот "Изградба на 35 спортски сали"

1. Се објавува Одлуката за обезбедување приклучок на вода, струја и изградба на пристап до спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот "Изградба на 35 спортски сали", донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.02.2007 година.

Бр. 08- 635/2 Градоначалник
15.02.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………….

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.02.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за обезбедување приклучок на вода, струја и изградба на пристап до спортските сали што ќе ги гради Владата на Република Македонија во Општина Струмица со Проектот "Изградба на 35 спортски сали"**

Член 1

Со оваа Одлука се обезбедува приклучок на вода, струја и изградба на пристап до спортските сали што Владата на Република Македонија, ќе ги гради во Општина Струмица, со Проектот "Изградба на 35 спортски сали ".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица" .

Бр. 07-635/1 Совет на општина Струмица
15.02.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02 ) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина

Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за IV квартал од 2006 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за IV квартал од 2006 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.02.2007 година.

Бр. 08- 633/2 Градоначалник
15.02.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………….

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.61/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 15.02.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за IV квартал од 2006 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Струмица за IV квартал од 2006 година;

2. Составен дел на овој Заклучок е Кварталниот извештај, составен од Образец К-1 и Образец К-2;

3. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица” .

Бр. 07-633/1 Совет на општина Струмица
15.02.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

---

-------------------------